**САЊА ЛУКАРЕВСКА – ДИРЕКТОР НА УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Родена е 1982 година во Скопје.

Дипломирала на Правниот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2005 година.
Својата професионална кариера ја започнува во Управа за јавни приходи:

- Од 01.07.2006 до 30.06.2007 работи како Помлад инспектор во Регионална Дирекција Скопје - Управата за јавни приходи;
- Во периодот од 01.07.2007до 31.12.2015, работи во Секторот за правни работи во Генералната дирекција Скопје на Управата за јавни приходи;
- Во јануари 2016 година именувана е за Кабинетски службеник за прашања поврзани со дополнителниот Заменик министер за финансии во Министерството за финансии.
- По престанокот на функцијата Кабинетски службеник за прашања поврзани со дополнителниот Заменик министер за финансии во Министерстовото за финансии се враќа во Управата за јавни приходи на работно место Асистент за извршување во Одделението за наплата на долгови во Дирекција за големи даночни обврзници;
- Од 16 јуни 2017 година е именувана од Владата на Република Македонија за вршител на должност Директор на Управа за јавни приходи.
- Од 20 февруари 2018 година е именувана од Владата на Република Македонија за Директор на Управата за јавни приходи.